Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-122/5
16-03-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 122/1 од 26.01.2023 година и дополнение на претставка бр. 08 – 122/2 од 31.01.2023 година, поднесена од [redacted] од Битола, со живеалиште на [redacted] за сторена дискриминација во областа на членување во здруженија на граѓани од страна на [redacted] - [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 16.03.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на членување во здруженија на граѓани од страна на [redacted] кон [redacted]

## Образложение

На 26.01.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 122/1 и дополнение на претставката со архивски број 08 – 122/2 од 31.01.2023 година, од страна на подносителот [redacted] против [redacted] за сторена дискриминација во областа на членување во здруженија на граѓани.

Подносителот во претставката наведува дека е дискриминиран од страна на [redacted] затоа што не му одговараат на барањето за членство во здружението. Со тоа тврди дека му е повредено уставно загарантираната **слобода на здружување од член 20 од Уставот на Република Северна Македонија:**

*„На граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања.*

*Граѓаните можат слободно да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат.*

*Програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.*

*Забранети се воени или полувоени здруженија што не им припаѓаат на вооружените сили на Република Македонија."*

Оттука, подносителот тврди дека посредно му се оневозможува пристап до добро од општ интерес, односно добро кое е во сопственост на Република Северна Македонија. Имено,


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

се работи за дивеч, кој на користење – концесија му е даден на [redacted]

На овој начин подносителот наведува дека му е повредено **правото на здружување од член 4, став 1 од Законот за здруженија и фондации:**

*„Правото на слободно здружување се остварува преку здружување во здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации (во натамошниот текст: организации) за остварување на нивните цели, дејности и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон."*

Дополнително, во однос за условите за **членување во здружение од член 19, став 3 од Законот за здруженија и фондации:**

*„Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот."*

Подносителот наведува дека Здружението било должно да одговори на неговото барање, во спротивно го повредува неговото право на здружување. Што не би било така, доколку Здружението му одговорело дека не ги исполнува условите од Статутот на Здружението.

Во прилог на претставката, подносителот доставил поштенски повратници како доказ дека поштата, односно Барањето за членство не било примено од страна на Здружението.

На 31.01.2023 година подносителот ја дополнил претставката со поднесок бр. 08 – 122/2. Во дополнението навел дека на 30. 12. 2022 година поднел Барање за издавање на дневна дозвола за лов до [redacted] Исто како и за Барањето за членство, добил поштенска повратница со назнака „неврачливо".

**Согласно член 57 од Законот за ловство:**

*(1) Дивеч може да се лови со претходна дозвола издадена од концесионерот на дивечот во ловиштето.*

*(2) Дозволата за ловење на дивеч е документ кој го содржи времето за нејзината важност, видот и бројот на дивечот дозволен за ловење и обврските на ловецот за време на ловењето и по извршеното ловење.*

*(3) Дозволата за ловење на дивеч е со важност од еден ден.*

*(4) Дозвола за ловење на дивеч може да се издаде на лице кое има положено ловечки испит.*

Подносителот навел дека во прилог на Барањето за издавање на дневна дозвола за лов приложил копија од дипломата за положен ловечки испит, согласно условите наведени во Законот за ловство.

Оттука, подносителот тврди дека здружението како вршител на дејност од јавен интерес е должно да одговори на барањата адресирани до здружението. Во случајот на подносителот, здружението не само што не одговорило на барањата, туку и не ги примиле неговите барања. Од таа причина, подносителот наведува дека здружението како концесионер на дивечот кој е во сопственост на Република Северна Македонија врши дискриминација, со оневозможување на пристапност и достапност на улугите (конкретно дивечот како јавно добро).

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 06.02.2023 година испрати Известување бр. 08 – 122/3 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] и дополнително ги побара следниве информации:

- Зошто [redacted] нема дадено одговор на барањата од [redacted];
- Дали постојат услови за членување во здружението и кои се тие?;
- Дали постојат услови за издавање на дневна дозвола за лов?;
- Кој не може да биде член на здружението? и
- Бројот на членови кои се зачленети во здружението?

Со истиот допис Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го побара и Сатутот на здружението.

На 21.02.2023 година пристигна Произнесување по наводите од претставката со бр. 08 – 122/4 од [redacted]

Во произнесувањето од здружението наведуваат дека немаат одговорено на барањата на [redacted] бидејќи не добиле ниту едно барање. Дополнително појаснуваат дека во конкретниот случај се работи за лице кое претходно било член на здружението до 1995 година. Истиот, поради непридржување кон условите за членство и неплаќање на членарина бил исклучен од членство со Решение на претседателот на здружението од 12.07.1995 година, кое како доказ го доставија во прилог.

Појаснето е дека **условите за членство во здружението, условите за издавање на дневна дозвола за лов и основите за престанување на членството** се наведени во **членот 5 од Статутот на** [redacted]**:**

*„Член на здружението може да биде секој полнолетен граѓанин кој:*

- *е државјанин на Република Македонија, како и странско физичко лице;*
- *потпишал пристапница за зачленување;*
- *ја има платено членарината.*

*На членот на здружението ќе му се издаде дозвола на ловење на дивеч и риболов ако ги исполни условите од став 1 на овој член, ако го има положено ловечкиот и риболовниот испит согласно член 59 од Законот за ловство и риболовство и ако во претходните 2*

*години не е казнет според одредбите од Законот за ловство и риболовство и ако во истиот период не го има извршено кривичното дело „Незаконит лов и риболов".*

*Дозволата за ловење на дивеч и риболов ќе му се издаде и на странски државјанин ако поседува соодветен документ за лов и риболов издаден од странска држава и ако го плати надоместокот утврден со тарифникот на здружението.*

*Членувањето во здружението престанува во следниве случаеви:*

- *со писмено барање на членот;*
- *со исклучување со одлука на надлежен орган;*
- *ако членот е прогласен за виновен за сторено кривично дело – Незаконит лов и риболов;*
- *ако членот прекршочно се казни за прекршоци предвидени во членот 79 од Законот за ловство и риболовство и*
- *со смрт на членот.*

*Со престанувањето на членството по било кој основ, членот е должен да ја врати пристапницата."*

Во продолжение на произнесувањето е наведена моменталната бројка на членови на здружението, која изнесува вкупно 340 ловци и риболовци. Се појаснува дека се работи за членови од различна возраст, националност, религиска припадност и политичка определба, како и дека во интерес на здружението е бројката на членови постојано да се зголемува. Воедно, наведуваат дека како одговорно здружение ја преземаат обврската да им овозможат еднаков третман на членовите и тврдат дека се успешни во реализација на таквата обврска.

Од сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација. Подносителот во претставката не навел дискриминаторска основа, ниту дал информации од кои би можела истата да се увиди. Од фактите и околностите во претставката не произлегува причинско – последична врска помеѓу дискриминаторска основа и повреда на право, односно не е утврден нееднаков третман врз дискриминаторска основа кон подносителот на претставката. За иста, односно споредлива ситуација подносителот на претставката не навел компаратор, според кој би можело да се увиди нееднаков третман.

Дотолку повеќе што во конкретниот случај не постои ниту повреда на право, од причина што условите за членство во здружението, условите за издавање на дневна дозвола за лов и основите за престанување на членството се наведени во Статутот на здружението и истите важат за секого подеднакво. Од значење е и фактот што подносителот на претставката поради неисполнување на обврските кон здружението (неплаќање на членарина) бил исклучен од здружението, кое нешто претставува основ за престанување на членството, согласно Статутот на здружението.

При така констатирана состојба, во недостаток на дискриминаторска основа, нееднаков третман и повреда на право не може да стане збор за дискриминација. Оттука произлегува

дека не е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Заради горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на членување во здруженија на граѓани од страна на [redacted] кон [redacted].

Скопје,
16.03.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk